Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 август 2023 година**

**Скопје, август 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 август 2023 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Дрита Абдиу-Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 171-та седница на Владата, одржана на 18 јули 2023 година**

**- Усвојување на Записникот од 178-та седница на Владата, одржана на 15 август 2023 година**

Пред преминување на Дневен ред:

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Извештај за преземени чекори за подобрување на ефективноста и ефикасноста на координацијата на донаторите во земјата

1. Информација за потребата од продажба на движни ствари, со предлог-одлуки

2. Предлог-одлука за прогласување на Збирката на движно културно наследство Фонд 580 „Браќа Манаки-Битола 1853-1964“ за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

3. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

4. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволната планинска спасителска служба-Осогово Кочани

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 03-688/1)
6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 03-687/1)

7. Годишна сметка на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2022 година, Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие „Стрежево”, Битола во 2022 година и Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за 2022 година за Јавното претпријатие „Стрежево”, Битола, со предлог-одлуки

8. Годишна сметка на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2022 година и Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2022 година, со предлог-одлуки

9. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата од работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2022 година

10. Информација со предлог за донесување на одлука за итна финансиска помош на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта

11. Програма за изменување  на Годишната инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со Предлог-одлука

12. Годишна сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2022 година и Извештај од независниот ревизор за финансиските извештаи на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2022 година, со прилози и предлог-одлуки

13. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2023 година

14. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, со Предлог-одлука

15. Одлука за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво Медиумска информативна агенција, во државна сопственост, Скопје, со Коригиран финансиски план за 2023 година и Предлог-одлука

16. Предлог-одлука за  давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба

17. Годишен финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година, Годишна сметка за 2022 година, ревидираната Годишна сметка за 2022 година и Ревизорски извештај за финансиското работење изготвен од независниот ревизор Друштвото за ревизија Ековис Аудит Македонија ДОО Скопје, со Предлог-одлука

18. Предлог-уредба за утврдување на висината на надоместокот за чување и евапорација на нафта и нафтени деривати на задолжителните резерви

19. Информација за усвојување на Годишна сметка, Годишен извештај за работата и Финансиски извештај на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2022 година, со предлог-одлуки

20. Барање за добивање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите, со Предлог-одлука

21. Информација со комплетна документација и опис на фактичката состојба со спортскиот објект „Базен Чаир“

22. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Македонски Брод)

23. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово (училиште, КО Студена Бара)

24. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово

25. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово

26. Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година

27. Информација со Предлог-стратегија за формализирање на неформалната економија 2023-2027 година, со Акциски план

28. Информација за Економско-финансискиот дијалог помеѓу Европската Унија, Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи 2024-2026 година, со Акциски план и Работен план

29. Информација за востановување на ловишта на територијата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Лазар Костовски, ул. „Диме Туриманџов“ бр.13, Кавадарци, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Илко Соколов ул. „Илинденска“ бр.87, Росоман, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Радо Кочов с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура на линиска инфраструктурна градба-изградба на цевковод за водоснабдување на КО Бач, КО Брод, КО Гермијан и КО Добровени, Општина Новаци, со Предлог-одлука

34. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за водоснабдителен систем со потребни хидротехнички објекти на потег од бунарско подрачје до приклучок со водоснабдителен систем на стационажа 0+800,00 за ТИРЗ Прилеп, КО Беровци, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

35. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Романтик плаза-Стар Дојран, со Предлог-решение

36. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Аустриан палас-Скопје, со Предлог-решение

37. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Аурора ресорт и спа, со Предлог-решение

38. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Скај, со Предлог-решение

39. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Унионмак-Кавадарци, со Предлог-решение

40. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Маива, Охрид, со Предлог-решение

41. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Дајмонд ДООЕЛ-Скопје, со Предлог-решение

42. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-глина на локалитетот „Долна Краста“, с.Церово, Општина Маврово и Ростуша, со предлог-одлуки

43. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „с.Чегране“, Општина Гостивар, со предлог-одлуки

44. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-риолит на локалитетот „Куклиш“, Општина Струмица, со предлог-одлуки

45. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со доставено известување за поведена арбитражна постапка од страна на FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID)

46. Информација за формирање на работна група за реализација на проектот „50 села, 50 приказни“, со Предлог-решение

47. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот ,,Зла Осојница“, с.Блаце, Општина Брвеница

48. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на локалитетот „Рулавица“, с.Псача, Општина Ранковце

49. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот ,,Алчак“ кај с.Долно Коњаре, Општина Петровец

50. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Собранието на Република Северна Македонија

51. Предлог-одлука за Дваесет и втора емисија на обврзници за денационализација

52. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

53. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

54. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија и услуги „Банана кицк“ ДОО експорт-импорт Тетово во уплатно-исплатното место кое се наоѓа во подружница Банана кицк, с.Теарце, на ул. „101“ бр.1 Теарце, Теарце

55. Предлог на закон за ратификација на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарскиот Федерален совет за изменување на Спогодбата од 14 април 2000 година помеѓу македонската влада и Швајцарскиот Федерален совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот на доход и данокот на капитал

56. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Бугарија, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република и Владата на Република Словенија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството

57. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешната контрола и спречување и борба против корупцијата

58. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/987 на Советот од 22 мај 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во поглед на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/986 на Советот од 22 мај 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во поглед на состојбата во Иран

59. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1035 на Советот од 25 мај 2023 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1027 на Советот од 25 мај 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 36/2012 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија

60. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/854 на Советот од 24 април 2023 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП за рестриктивни мерки против Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/853 на Советот од 24 април 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 267/2012 за рестриктивни мерки против Иран

61. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КО Мралино)

62. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (КО Центар 1)

63. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „Алтеа“, во Босна и Херцеговина

64. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово

65. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „Зајакнато истурено присуство“ (Enhanced Forward Presence -eFP ) во Република Летонија

66. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „Enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Романија

67. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „Enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Бугарија

68. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Coalition 23“ во Република Естонија

69. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Combined Resolve 19“ во Сојузна Република Германија

70. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Golden Fleece 23“ во Република Грција

71. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cambrian Patrol 23“ во Обединетото Кралство

72. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Strong Balkan 23“ во Република Албанија

73. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Steadfast Jupiter 23“ во Кралството Норвешка

74. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Струга

75. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки

76. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта

77. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок-дотации за јавните установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2024 година

78. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународни односи“ на Правен факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

79. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Сити 13 холдинг увоз-извоз ДООЕЛ Битола за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

80. Информација за „Задолжување на субјекти од јавен сектор, степен на искористеност на кредитите и заемите, платени и створени трошоци“, врз основа на Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност, со прилози

81. Извештај за извршени преговори и за потпишување на Договор за Централноевропската програма за размена на универзитетски студии ЦЕЕПУС IV, со усогласен текст на Договор и прилози

82. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Библиотека ,,Кочо Рацин”-Тетово

83. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Центар за култура „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“-Велес

84. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“-Велес

85. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за информатичко општество и администрација

86. Предлог на резолуцијата за продолжување на евроинтегративните процеси и за признавање и афирмација на јазикот, културата и суверенитетот на Сојузна Република Германија, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

87. Предлог на закон за дополнување на Законот за матичната евиденција, поднесен од група на пратеници

88. Барање за давање на автентично толкување на член 3 став (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за даноци на имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), со прилози, поднесено од градоначалникот на Општина Охрид

89. Иницијатива од политичката партија Левица од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.83/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 110 став (4) и член 117-а став (1) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23)

90. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.88/23 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/13, 106/13, 137/13, 61/15, 97/15, 215/15, 53/16 и 51/18)

91. Иницијатива од Земјоделскиот комбинат Пелагонија АД Битола од Битола, доставена до Уставниот суд под У.бр.91/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 47 став (5) и став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република

Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23) и член 3 став (24) од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.30/23, 42/23 и 110/23)

92. Иницијатива од Министерството за правда, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.107/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Правилникот за начинот на утврдување на несообразноста и висината на процентот на намалување на директните плаќања во случај на несообразност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.131/23)

93. Понуда од нотар Снежана Сарџовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 53535, за КО Визбегово, на КП бр. 1311, викано место/улица „Долни Рид“, со дополнување

94. Понуда од нотар Весна Масловариќ-Костовска од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.106226 за КО Тетово 2, на КП бр.8540, дел 1, викано место/улица „Б.Вулич“ и Имотен лист бр.105031 за КО Тетово 2, на КП бр.8540, дел 1, викано место/улица „Б.Вулич“
95. Понуда од нотар Радица Хаџи Петрушева-Арсовска од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.50746, за КО Башино Село, на КП бр.962, викано место/улица „Село“

96. Понуда од нотар Оливера Пешиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6153, Имотен лист бр.5988 и Имотен лист бр.5989, за КО Злокуќани, на КП бр.923/1, 932/2 и КП бр.935/3, викано место/улица „Голема нива“

97. Понуда од нотар Маргарита Вангелова од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10494, за КО Богданци, на КП бр.9797, викано место/улица „М. Тито“, Имотен лист бр.450, за КО Богданци, на КП бр.9797, викано место/улица „М. Тито“

98. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2783 и Имотен лист бр.2086, за КО Русиново, на КП бр.9440 и КП бр.9437/1, викано место/улица „Преведена“

99. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7463, за КО Охрид 4, на КП бр.5831, викано место/улица „Рача“ и КП бр.5838, викано место/улица „Горица“ и Имотен лист бр.102534, за КО Охрид 4, на КП бр.6420/2, викано место/улица „Рача“

100. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.54308, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.877, викано место/улица „Жил Верн“ 12

101. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 56283, за КО Центар 2, на КП бр.2878/2, КП бр.2881/2, КП бр.2884/21 и КП бр.2884/37, викано место/улица „Шербетница“ и Имотен лист бр. 56285, за КО Центар 2, на КП бр.2884/20, КП бр.2884/30, КП бр.2884/33, КП бр.2884/34 и КП бр.2884/35, викано место/улица „Шербетница“

102. Понуда од нотар Милена Момировска-Ангелевска од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92438, за КО Битола, на КП бр.5161/1 и Имотен лист бр.92439, за КО Битола, на КП бр.5160, викано место/улица „Довлеџик“

103. Понуда од нотар Милена Момировска Ангелевска од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 8021 за КО Битола 5, на КП бр.496, викано место/улица „Гладно Поле“ и Имотен лист бр.70146, за КО Битола 5, на КП бр.496, викано место/улица „Гладно Поле“

104. Понуда од нотар Стела Лазаревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10514 за КО Илинден-вонград, на КП бр.238, викано место/улица „Маслинка“

105. Понуда од нотар Боро Атанасовски од Делчево, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12563 за КО Делчево, на КП бр.6693, викано место/улица „Методи Митевски-Брицо“, со дополнување

106. Понуда од нотар Ирфан Тахири од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3259, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2989, дел 1, викано место/улица „Поројница“ и Имотен лист бр. 3189 за КО Глуво Бразда, на КП бр.2874, викано место/улица „Чар“

107. Понуда од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15965 за КО Штип 4, на КП бр.10396/2, 10398/2 и 10398/3, викано место/улица „Каваклиски Рид“

108. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 664 за КО Маџари, на КП бр. 2081, викано место/улица „Мамушница“

109. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3808 за КО Гази Баба, на КП бр.2138/1, викано место/улица „516 бр.5“

110. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2530 за КО Бутел, на КП бр.2475/1, викано место/улица „М.Крале“

111. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100116 за КО Ињево, на КП бр.6929/1, викано место/улица „Ињево“

112. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101050 за КО Охрид 4, на КП бр.5894/1, викано место/улица „Горица“

113. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8347 за КО Ѓорче Петров 1-Ново Село, на КП бр.439, викано место/улица „Блага Вода“

114. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.50585 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.963/3, викано место/улица „Трпе Петровски“

115. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.31008 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.574, викано место/улица „Томе Арсовски“

116. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 92982 за КО Чаир на КП бр. 1568/80 и КП бр. 1568/81 и Имотен лист бр. 960796 за КО Чаир на КП бр. 1568/82 и КП бр. 1568/83 викано место/улица „Стари Водовод“

117. Известување од извршител Павел Поп-Иванов од Скопје, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.1333, за КО Оровник, Имотен лист бр.103056, за КО Охрид 2, Имотен лист бр.103050, за КО Охрид 2, Имотен лист бр.103051, за КО Охрид 2, Имотен лист бр.101785, за КО Охрид 2 и Имотен лист бр.94147, за КО Охрид 2

118. Барање за произнесување по Понудата за користење право на првенствено купување имот, како и Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.1693/2022, за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.17848 за КО Оздолени на КП бр.1358, Имотен лист бр.17629 за КО Оздолени на КП бр.522, Имотен лист бр.17812 за КО Оздолени на КП бр.470, Имотен лист бр.17848 за КО Оздолени на КП бр.1289 и Имотен лист бр.17848, за КО Оздолени

119. Кадровски прашања

120. Прашања и предлози

121. Извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година, со Акциски план за спроведување 2022-2023 година

122. Информација за степенот на имплементација на обврските од НАТО процесот на одбранбено планирање, јануари-јуни 2023 година

123. Информација на ТАВ Македонија ДООЕЛ, Илинден во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“-Охрид, заклучно со јуни 2023 година, со прилози

124. Финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2022 година, со Извештај на независниот ревизор

125. Информација за годишни извештаи за ревизорска активност и годишни ревизорски мислења за 2022 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

126. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година

127. Известување во врска со согласноста за пренос на уделите со архивски бр.0307/10 од 4.10.2022 година од Друштвото за производство на електрична енергија ОСМ „Солар“ ДООЕЛ Скопје, со прилози

128. Извештај за трошење на средства од наменска сметка за буџетска поддршка, согласно Одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија, донесена од Владата на Република Северна Македонија под бр.41-4126/4 од 28.4.2023 година

129. Извештај за трошење на средства од наменска сметка за буџетска поддршка согласно Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со топлинската енергија, донесена на Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година

130. Извештај за финансиското работење на Акционерско друштво „Македонска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, за период од 1 јануари до 31 март 2023 година

131. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, за периодот 1 јануари 2023 година-31 март 2023 година

132. Финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор за годината која завршува на 31 декември 2022 година на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје

133. Годишен финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за периодот 1 јануари 2022 година-31 декември 2022 година

134. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, за периодот 1 октомври 2022 година-31 декември 2022 година

135. Извештај за работа на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“-Пробиштип за период од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година

136. Извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие „Стрежево“-Битола во првото тримесечје од 2023 година

137. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во период од 1 април до 30 јуни 2023 година

138. Извештај за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес за 2022 година

139. Информација за учество во Програмата Justice (2021-2027)

140. Информација за потребата од вработување на 158 лица на неопределено време во Јавното претпријатие за државни патишта, неопходни за вршење на основната дејност на претпријатието

141. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 10 август 2023 година до 16 август 2023 година

142. Информација за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста, со предлог-решенија

143. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје во студиската учебна 2023/2024 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија

144. Информација за давање позитивно мислење за основање на општинско основно училиште со седиште во Визбегово, Општина Бутел

145. Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*), по скратена постапка

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 171-та седница на Владата, одржана на 18 јули 2023 година и Записникот од 178-та седница на Владата, одржана на 15 август 2023 година.

*

*   *

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Извештај за преземени чекори за подобрување на ефективноста и ефикасноста на координацијата на донаторите во земјата

Владата го разгледа Извештајот за преземени чекори за подобрување на ефективноста и ефикасноста на координацијата на донаторите во земјата, го усвои и го задолжи Секретаријатот за европски прашања да ги продолжи активностите за подобрување на ефективноста и ефикасноста на координација на донаторите во земјата и редовно да ја информира Владата за постигнатите резултати, најмалку два пати годишно.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од продажба на движни ствари, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за продажба на движна ствар (патничко моторно возило, Mercedes).

2. Ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила, BMW и Citroen).

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на Збирката на движно културно наследство Фонд 580 „Браќа Манаки-Битола 1853-1964“ за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Доброволната планинска спасителска служба-Осогово Кочани.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-688/1.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У 03-687/1).

**<u>Точка 7</u>**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2022 година, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие „Стрежево”, Битола во 2022 година и Извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи за 2022 година за Јавното претпријатие „Стрежево”, Битола, со предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2022 година.

2. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2022 година.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за 2022 година.

**<u>Точка 8</u>**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2022 година и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2022 година, со предлог-одлуки ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2022 година.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2022 година.

**<u>Точка 9</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата од работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за 2022 година, за наредната седница на Владата.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата со предлог за донесување на одлука за итна финансиска помош на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

**Точка 11**

Владата по Програма за изменување на Годишната инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

**Точка 12**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2022 година и Извештајот од независниот ревизор за финансиските извештаи на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2022 година, со прилози и предлог-одлуки, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2022 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2022 година.

**Точка 13**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2023 година.

**Точка 14**

Владата по Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво Медиумска информативна агенција, во државна сопственост, Скопје, со Корегиран финансиски план за 2023 година и Предлог-одлука и условно ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“- Скопје, во државна сопственост, доколку предлагачот го усогласи материјалот со Министерството за финансии и до Владата да достави нова одлука од Управниот одбор на Друштвото.

**Точка 16**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за  давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

**Точка 17**

Владата по Годишниот финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година, Годишната сметка за 2022 година, ревидираната Годишна сметка за 2022 година и Ревизорскиот извештај за финансиското работење изготвен од независниот ревизор Друштвото за ревизија Ековис Аудит Македонија ДОО Скопје, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за работата на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2022 година.

**Точка 18**

Владата ја донесе Уредбата за утврдување на висината на надоместокот за чување и евапорација на нафта и нафтени деривати на задолжителните резерви.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Годишната сметка, Годишниот извештај за работата и Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2022 година, со предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2022 година.

2. Ја донесе Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за производство,  промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2022 година.

3. Ја донесе Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на Друштвото за производство, промет и услуги Препород ДООЕЛ Скопје за 2022 година.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за добивање на согласност на Ценовникот за висината на надоместокот за мислењата за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбите, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 21**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата со комплетна документација и опис на фактичката состојба со спортскиот објект „Базен Чаир“.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Македонски Брод).

**Точка 23**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово (училиште, КО Студена бара), за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за образование и наука да достави мислење по истата.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Куманово.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово.

**Точка 26**

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 31.12.2023 година, да донесат сопствен етички кодекс во кој, меѓу другото, ќе биде утврден начинот на постапување со пријавените случаи на неетичко однесување, ќе назначат повереник за етика и ќе основаат етички комитет.

2. Се задолжуваат сите министерства, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 30.4.2024 година, да спроведат внатрешна ревизија на процесот на управување со ризици. Воедно, се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, до 31.12.2023 година, на сите министерствата и единиците на локалната самоуправа да им даде насоки за спроведување на внатрешна ревизија на процесот на управување со ризици.

3. Се задолжуваат сите министерства, а им се препорача на единиците на локалната самоуправа да го изготват/ажурираат планот за развој на системот за внатрешна контрола за клучните процеси на финансиско управување и контрола со план за отстранување на слабостите и неправилностите и да ја следат неговата реализација во институцијата.

4. Се задолжуваат сите министерства, а им препорачува на единиците на локалната самоуправа до 10.5.2024 година, да го известат Министерството за финансии-Сектор за централна

хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор за преземените активности по заклучоците.

5. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, да ја извести Владата со Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година за реализација на заклучоците од Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година.

**Точка 27**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со Предлог-стратегија за формализирање на неформалната економија 2023-2027 година, со Акциски план, за наредната седница на Владата.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за Економско-финансискиот дијалог помеѓу Европската Унија, Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи 2024-2026 година, со Акциски план и Работен план и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ги усвои Акцискиот план за спроведување на препораките усвоени на Економско-финансискиот дијалог од 16 мај 2023 година и Работниот план за Програмата на економски реформи 2024-2026 година.

2. Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, а му се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, до 31 август 2023 година да достават до Министерството за финансии, согласно своите надлежности, секторска дијагностика со предлог реформски мерки, како и потребните анекси согласно Водичот на ЕУ за подготовка на Програмата на економски реформи 2024-2026 година, на македонски и англиски јазик, кои ќе бидат составен дел од првата Нацрт-верзија на Поглавје 5 од Програмата на економски реформи 2024-2026 година.
3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за труд и социјална политика, а се препорачува на Народната банка на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во два наврати еднаш до 6 октомври 2023 година и еднаш до 15 декември 2023 година до Министерството за финансии-националниот координатор за подготовка на Програмата на економски реформи, да достават детални известувања за реализацијата на активностите за исполнување на препораките во нивна надлежност, согласно Акциски план за спроведување на препораките усвоени на Економско-финансискиот дијалог со Европската унија од 16 мај 2023 година.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за востановување на ловишта на територијата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за востановување на ловишта на територијата на Република Северна Македонија.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Лазар Костовски, ул. „Диме Туриманџов“ бр.13, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Илко Соколов ул. „Илинденска“ бр.87, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Радо Кочов с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура на линиска инфраструктурна градба-изградба на цевковод за водоснабдување на КО Бач, КО Брод, КО Гермијан и КО Добровени, Општина Новаци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура на линиска инфраструктурна градба-изградба на цевковод за водоснабдување на КО Бач, КО Брод, КО Гермијан и КО Добровени, Општина Новаци.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за водоснабдителен систем со потребни хидротехнички објекти на потег од бунарско подрачје до приклучок со водоснабдителен систем на стационажа 0+800,00 за ТИРЗ Прилеп, КО Беровци, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изменување и дополнување на Проект за инфраструктура за водоснабдителен систем со потребни хидротехнички објекти на потег од бунарско подрачје до приклучок со водоснабдителен систем на стационажа 0+800,00 за ТИРЗ Прилеп, КО Беровци, Општина Прилеп.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Романтик плаза-Стар Дојран, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Аустриан палас Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Аурора ресорт и спа, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Скај, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Унионмак-Кавадарци, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Маива, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Дајмонд ДООЕЛ-Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-глина на локалитетот „Долна Краста“, с.Церово, Општина Маврово и Ростуша, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „с.Чегране“, Општина Гостивар, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-риолит на локалитетот „Куклиш“, Општина Струмица, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 45**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со доставено известување за поведена арбитражна постапка од страна на FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID) за наредната седница на Владата.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на работна група за реализација на проектот „50 села, 50 приказни“, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Работна група за реализација на проектот „50 села, 50 приказни“.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот ,,Зла Осојница” с.Блаце, Општина Брвеница.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на локалитетот „Рулавица“, с.Псача, Општина Ранковце.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот ,,Алчак“ кај с.Долно Коњаре, Општина Петровец.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за Дваесет и втора емисија на обврзници за денационализација.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 54**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија и услуги „Банана кицк“ ДОО експорт-импорт Тетово во уплатно-исплатното место кое се наоѓа во подружница Банана кицк, с.Теарце, на ул. „101“ бр.1 Теарце, Теарце.

**Точка 55**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарскиот Федерален совет за изменување на Спогодбата од 14 април 2000 година помеѓу македонската влада и Швајцарскиот Федерален совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот на доход и данокот на капитал, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерство за финансии, Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Бугарија, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република и Владата на Република Словенија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Снежана Филиповска Павлеска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Романија за зајакнување на соработката во областа на внатрешната контрола и спречување и борба против корупцијата, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Игор Арсовски, помошник на министерот во Министерството за внатрешни работи.

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/987 на Советот од 22 мај 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во поглед на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/986 на Советот од 22 мај 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во поглед на состојбата во Иран.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1035 на Советот од 25 мај 2023 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1027 на Советот од 25 мај 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 36/2012 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/854 на Советот од 24 април 2023 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП за рестриктивни мерки против Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/853 на Советот од 24 април 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 267/2012 за рестриктивни мерки против Иран.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (КО Мралино).

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за одбрана (КО Центар 1).

**Точка 63**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „Алтеа“, во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање  на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „Зајакнато истурено присуство“ (Enhanced Forward Presence -eFP) во Република Летонија.

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „Enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Романија.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „Enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Бугарија.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Coalition 23“ во Република Естонија.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Combined Resolve 19“ во Сојузна Република Германија.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Golden Fleece 23“ во Република Грција.

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cambrian Patrol 23“  во Обединетото Кралство.

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Strong Balkan 23“ во Република Албанија.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Steadfast Jupiter 23“ во Кралството Норвешка.

**Точка 74**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Струга.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Точка 76**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 77**

Владата ја донесе Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок-дотации за јавните установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2024 година.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународни односи“ на Правен факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународни односи“ на Правен факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Цити 13 холдинг увоз-извоз ДООЕЛ Битола за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Цити 13 холдинг увоз-извоз ДООЕЛ Битола.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за „Задолжување на субјекти од јавен сектор, степен на искористеност на кредитите и заемите, платени и створени трошоци“, врз основа на Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во координација со Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и со други министерства и јавни претпријатија/акционерски друштва задолжени за реализација на инфраструктурни проекти во рок од шест месеци да креираат документ за национално стратешко планирање на јавните инвестиции и истото да го достават до Владата.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во координација со Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии, во рок од шест месеци да започнат со донесување и воспостават системска правна рамка за управување со јавните инвестиции, а со цел избегнување на расчленет пристап за реализација на проекти и дизајнирање на функционален и оперативен систем со постапки, процедури, надлежни институции, оперативни структури за управување со проекти, мониторинг и надзор на проектите со цел активно управување со ризиците и слично.

3. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во координација со Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии, во рок од три месеци да формираат работно тело кое ќе ги координираат стратешките инвестиции на национално ниво и кое ќе биде задолжено за планирање, имплементација, мониторинг, евалуација и известување за реализација на проектите.

4. Се задолжуваат субјектите од јавниот сектор за проектите кои се финансираат со задолжување да ги применат барањата за транспарентност и отчетност со објавување на: физибилити студии, документи за планирање на проектите, договори за заем и превод на македонски јазик на веб-страницата на субјектите од јавниот сектор, планови за набавки по договорите за заем, договори со изведувачите и превод на македонски јазик на веб-страницата на субјектите од јавниот сектор и други договори кои се финансираат со средства од заемот.

5. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во координација со Министерството за транспорт и врски и Секретаријатот за европски прашања, во рок од три месеци да ја разгледаат можноста за воспоставување на правна рамка со цел подобрување на квалитетот на проектната документација.

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во координација со Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, Бирото за судски вештачења и релевантните јавни претпријатија и акционерски друштва да организираат редовни координативни состаноци со цел забрзување на постапките за експропријација.

7. Се задолжува Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи во рок од три месеци да пристапи кон усогласување на регулативата за експропријација, имајќи ја во предвид добрата меѓународна пракса, барање и ургенции на субјектите од јавниот сектор кои се во улога на инвеститори, заради измена на Законот за експропријација и за истото да ја информираат Владата.

8. Се задолжуваат Министерството за финансии-Управа за имотно правни работи, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Бирото за процена и субјектите од јавниот сектор во рок од три месеци координирано да дејствуваат заради забрзување на постапките и отстранување на административните пречки за решавање на надоместокот за експропријација и за истото да ја информираат Владата.

9. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија во рок од шест месеци да дизајнираат сеопфатна правна рамка за изградба на линиски инфраструктурни проекти и за истото да ја информираат Владата.

10. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, во координација со субјектите од јавниот сектор во рок од три месеци да дизајнираат конкретни насоки и јасни правила за критериуми за избор на проектанти, изведувачи и надзор, со цел изработка на квалитетна проектна документација, како и избор на изведувачи кои ефикасно ќе ги завршат проектите и намалување на штетите од постапките предизвикани од раскинување на договорите и за истото да ја информираат Владата.

11. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија во рок од шест месеци да направат длабинска анализа на резултатите од работењето, приходите кои се остваруваат, инвестициите кои се реализираат, со цел да се утврдат можните извори за финансирање на двете јавни претпријатија, потребните приходи за одржливост на нивното работење, непречено остварување на јавниот интерес, како и непречена и ефикасна реализација на отпочнатите стратешки проекти и да ја информираат Владата, по претходно добиени мислења од надлежните министерства.

12. Се задолжуваат субјектите од јавниот сектор да преземат активности за создавање и соодветно вреднување на капацитетите за управување со проекти преку обуки за спроведување на постапки за набавка по договори за заем, обуки за практична примена на FIDIC услови за градба по кои се склучени договорите за изградба, утврдување на соодветни надоместоци за овој вид на експерти и нивно порамнување во сите институции, а доколку се оцени потреба да се ангажираат експерти по FIDIC правила (за оштетени побарувања, спорни елементи од договорите, медијација и меѓународна арбитража).

13. Се задолжуваат субјектите од јавниот сектор кои се јавуваат како носители на капитални проекти да постапуваат согласно одредбите во меѓународните договорите за градба и да формираат одбор за решавање на спорови (DAB) во насока на навремено и стручно носење на соодветни одлуки.

14. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во координација со Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии и други надлежни институции во рок од три месеци да ја разгледаат можноста од изнаоѓање на соодветно законско решение да дизајнираат воедначен систем за утврдување на потребен број на лица во Единицата за имплементација на проектот (ЕИП) која се формира кај субјектите од јавниот сектор со дизајнирање јасни задолженија и одговорности, вреднување, права и обврски за имплементација на стратешките национални проекти.

15. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, со Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии во рок од три месеци да подготват информација за статусот на сите капитални инвестиции со посебен осврт на оние кои се финансираат од меѓународни кредитори со предлог препораки за надминување, подобрување на фактичката состојба, вид на капитална инвестиција, инвеститор, изведувач, обезбедени средства, кредити, повлечени транши, неповлечени транши, платени споредни трошоци, фактичка состојба, причини, предлози и обезбедени ресурси за управување со проекти.

16. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во координација со Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии во рок од три месеци да подготват информација со конкретни предлози.

17. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од еден месец да подготви информација со листа на правни субјекти за кои постои сомневање во исправноста на постапката при изградба на објектите за кои министерството е инвеститор, поради немање капацитет за проектирање и надзор/ревизија на проекти, а во насока на доследно применување на веќе донесениот заклучок на Владата од 17 јули 2018 година за поведување постапка, да им се одземат лиценците за работа на изведувачите на тој објект (проектант, надзор, ревидент и изведувач и др.).

**Точка 81**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори и за потпишување на Договор за Централноевропската програма за размена на универзитетски студии ЦЕЕПУС IV, со усогласен текст на Договор и прилози и го прифати Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за Централноевропската програма за размена на универзитетски студии ЦЕЕПУС IV.

2. Се определува доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за Централноевропската програма за размена на универзитетски студии ЦЕЕПУС IV.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Библиотека ,,Кочо Рацин”-Тетово.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Центар за култура „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“-Велес.

**Точка 84**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“-Велес.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерство за информатичко општество и администрација.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Предлог на резолуцијата за продолжување на евроинтегративните процеси и за признавање и афирмација на јазикот, културата и суверенитетот на Сојузна Република Германија, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следното мислење:

Билатералните односи и соработка на Република Северна Македонија и Сојузна Република Германија се одликуваат со многу интензивен политички дијалог на високо и највисоко државно ниво и засилена динамика на соработка во сите области. Германија е клучен политички и економски партнер на нашата земја, како и значаен партнер во процесот на европските интеграции на Република Северна Македонија. Германија подолг период е најголем трговски партнер на нашата земја. Преку разни регионални проекти за Европската Унија, Германија дава поддршка на нашите напори во исполнувањето на препораките на Европската Унија и неопходните реформи од европската агенда. Одличните билатерални односи на Република Северна Македонија и Сојузна Република Германија се движат во насока на воспоставување на „стратешко партнерство“. Покрај соработката на федерално ниво, истата се проширува со економски најразвиените федерални покраини како: Баварија, Северна Рајна Вестфалија, Хесен, Долна Саксонија и Баденвиртенберг.
Оттука, и покрај изнесените констатации во предметната Резолуција дека двете држави, денес во духот на пријателството имаат воспоставено развиени дипломатски и перспективни економски односи (оперативен дел на Предлог на резолуцијата пасус 12 и 13), во дадениот опис на односи и улогата на Сојузна Република Германија, почнувајќи од Втората светска војна, па се до денес како членка на Европската Унија и НАТО, се изнесуваат оценки и предлози кои не се одраз на фактичката состојба на односите помеѓу двете држави, а користењето на несоодветна терминологија не само што нема да ги унапреди, туку ќе има и негативен ефект врз пријателските партнерски релации.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не ја донесе Резолуцијата за продолжување на евроинтегративните процеси и за признавање и афирмација на јазикот, културата и суверенитетот на Сојузна Република Германија, поднесена од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов.

**Точка 87**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за дополнување на Законот за матичната евиденција, поднесен од група на пратеници.

**Точка 88**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 3 став (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за даноци на имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), со прилози, поднесено од градоначалникот на Општина Охрид и притоа го утврди следното мислење:

Барањето за давање на автентично толкување на одредбата од членот 3 став (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), со прилози подносителот го поднел за прашање кое се однесува на стапките на данокот на имот за другиот недвижен имот опишан во член 2 точка (1) од Законот кој е во сопственост на државата или општините, општините на Градот Скопје и на Градот Скопје, како и во сопственост на физички и правни лица, а кој не се користи од сопственикот или не се издава под закуп подолго од шест месеци во текот на една година, се зголемуваат за три пати во однос на стапките пропишани во ставот 1 на овој член.

Со Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) се уредува начинот на оданочување на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности.

Данок на имот се плаќа на недвижен имот, освен за оној имот кој е ослободен од плаќање на данок според овој закон.

Согласно член 3 од Законот, обврзник на данокот на имот е правно и физичко лице сопственик на имотот; правно и физичко лице корисник на имотот, во случаи кога сопственикот не е познат или не е достапен плодоуживателот на имотот согласно со закон; доколку имотот е во сопственост на повеќе лица, секој од нив е обврзник на данокот на имот сразмерно на сопственичкиот дел; обврзник на данокот на имот е и правно и физичко лице-корисник на недвижен имот во сопственост на државата и општината.

Основа на данокот на имот претставува пазарната вредност на недвижниот имот која се утврдува според Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот.

Стапките на данокот на имот се пропорционални и изнесуваат од 0,10% до 0,20% и можат да се утврдуваат според видот на имотот.

Во контекст на погоре напишаното, се напоменува дека во членот кој е предмет на барањето за автентично толкување се содржани две можности врз основа на кои се утврдува, пресметува и наплаќа данокот на имот. Првата е некористење на имотот, односно кога имотот воопшто не се користи од страна на сопственикот, а втората можност врз основа на која се утврдува, пресметува и наплаќа данокот е кога предметниот имот и покрај тоа што не се користи од страна на сопственикот, истиот не се издава под закуп подолго од шест месеци во текот на една година.

Користењето е непосредна употреба и ставање во функција на недвижноста од страна на физички и правни лица, државни органи, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје. Оттука, како што јасно стои во предметниот закон, доколку недвижниот имот во тековната година воопшто не се користи од страна на сопственикот, стапките за данок на имот се зголемуваат за три пати во однос на стапките пропишани во ставот 1 на овој член. Доколку пак недвижниот имот кој покрај тоа што не се користи, истиот и не се издава под закуп подолго од шест месеци во текот на една година, се зголемуваат за три пати во однос на стапките пропишани во ставот 1 на истиот член.

Согласно став (5) од овој член, даночниот обврзник од став (4), е должен имотот кој не го користи или не го издава под закуп подолго од шест месеци во текот на годината, да го пријави во општината во која се наоѓа недвижноста. Државата, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, како и физичките и правни лица кои нема да пријават дека не користат недвижен

имот кој е во нивна сопственост, ќе платат данок по стапка пет пати повисока од пропишаните стапки во ставот (1) на овој член.

За имотот кој се издава под закуп подолго од шест месеци во текот на една година, користењето се докажува со договор за закуп.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го оцени Барањето за давање на автентично толкување на член 3 став (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), како неоправдано, со оглед на тоа што одредбата на овој член е јасна и прецизна.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Иницијативата од политичката партија Левица од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.83/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 110 став 4 и член 117-а став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека со оспорените законски решенија се прави повреда на Уставот на Република Северна Македонија од повеќе аспекти, дека се издигнуваат акти на извршната власт на ниво на закон, а преку користењето на поимот „национален стратешки интерес“, без притоа да се дефинира рамката на истиот, се воведуваат експлоататорски решенија во областа на работните односи, при што се повредуваат членот 8 став 1 алинеи 1, 3, 8 и 11, членот 9, членот 32 и членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија. Истовремено, наведуваат во Иницијативата, повредени се и правата утврдени во член 24 од Универзалната декларација за човековите права (1948), на Обединетите нации.

Согласно член 8 став 1 алинеи 1, 3, 8 и 11, меѓу другите, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот, признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Членот 9 од Уставот предвидува дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 32 од Уставот, меѓу другите права поврзани со работата, секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Со членот 51 се дефинира дека во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), во членот 110 го уредува местото и начинот на исплатата на платата на работникот. Притоа, со оспорениот став (4) се дефинира дека министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика го пропишува начинот и местото на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон.

Во членот 117 од истиот закон, се уредува прекувремената работа, односно, случаите кога работникот е должен, на барање на работодавачот да врши прекувремена работа (со ставот (1), а ставот (2) предвидува дека прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени). Притоа, прекувремената работа во период од три месеци не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно.

Ставот (3) од истиот член предвидува исклучок за работниците од Министерството за внатрешни работи и работниците од Агенцијата за национална безбедност, кои вршат посебни должности и овластувања согласно со посебни закони, и кај нив прекувремената работа може да трае подолго од 190 часа годишно, поради извршување на итни и неодложни работи, по претходно дадена писмена согласност на работникот.

Со ставот (7) пак, регулирано е дека ако работодавачот воведува прекувремена работа подолго од онаа утврдена со ставот (2), односно подолго од 190 часа, должен е да изврши прераспоредување на работното време или воведување на нови смени. Со оспорениот член 117-а од Законот се уредува дека по исклучок од членот 117 ставови (1), (2) и (7) од овој закон, за работа на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон, а заради потребата од континуитет во работата, прекувремената работа може да трае подолго од осум часа неделно и 190 часа годишно, по претходна дадена писмена согласност од страна на работникот. Притоа, работата над 40 часа неделно се смета и се плаќа како прекувремена работа, со задолжително почитување на одредбите за дневен и неделен одмор, во согласност со членовите 133 и 134 од овој закон.

Оспорениот член 110 став (4) не е спротивен на членот 32 од Уставот кој вели дека правата на вработените се остваруваат со закон и колективен договор и во овој случај не постои загрозување на правата од работен однос, затоа што истиот не се однесува на правото на работникот на плата. Оттука, ова право во ниту еден момент не е компромитирано со одредбата, затоа што истата се интервенира само во делот на начинот и местото на исплата на платата на работниците кои работат на проекти од стратешко национално значење утврдени со закон. Притоа, имајќи предвид дека изведувањето на ваквите проекти има свои специфики, нужно е и поинакво уредување на начинот и местото на исплатата и затоа истото го пропишува министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика, како ресорно надлежен министер.

Членот 117-а став (1) со кој се прави исклучок за часовите за прекувремена работа, е во иста линија, како и воведувањето на исклучоци со членот 117 став (3) од Законот за работните односи. И тука, повторно поради посебните карактеристики на работите од стратешко национално значење, кои во најголем број се во областа на градежништвото и потребата од нивно навремено завршување, се овозможува, само кај работата на проекти од стратешко

национално значење утврдена со закон да се применуваат отстапки. Првично, за работата на проекти да биде од стратешко и национално значење, тоа ќе треба да биде утврдено со закон, што значи дека овие одредби нема да значат, како што вели подносителот, нивна примена врз цела категорија на градежни работници по дефиниција. Понатаму, градежништвото како сектор, и самиот има посебности, бидејќи изведувањето на работите во истиот е најчесто условен од временските прилики и е сектор каде што најмногу се користи институтот прераспределени работни часови. Следствено, овие работници, дури и со прекувремените часови работа, нема да можат да ги користат во број којшто го наведува подносителот, затоа што законодавецот предвидел ограничувања со задолжителната примена на одредбите за дневен и неделен одмор, во согласност со членовите 133 и 134 од Законот.

Дополнително, како задолжителен елемент е и согласноста на работникот, без која ниту еден работник не може да биде распореден да работи прекувремена работа, подолго од законски утврдената во член 117-а став (2).

Имајќи го предвид наведеното се смета дека оспорените членови се во согласност со член 8 алинеи 1, 3 и 11 член 9, член 32 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за оценување на уставност на член 110 став (4) и член 117-а став (1) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23).

## Точка 90

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.88/23 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.87/13, 106/13, 137/13, 61/15, 97/15, 215/15, 53/16 и 51/18) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека во член 17 став 1 од Закон за земјоделското е опишано дека „Земјоделското земјиште во државна сопственост не може да биде предмет на продажба". Понатаму во Иницијативата наведува дека во член 1 од Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост е опишано дека „Со овој закон се уредува продажбата на земјоделското земјиште во државна сопственост на начин, постапка и услови согласно со овој закон".

Согласно член 56 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија „Со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес на Републиката можат да се отстапат на користење".

Подносителот на Иницијативата наведува дека доколку согласно член 2 од Законот за земјоделското земјиште како генерален закон кој напред е цитиран, земјоделското земјиште се дефинира како добро од општ интерес на Републиката и кое ужива посебна заштита и се користи под услови и начин утврдени со овој закон, тогаш основано може да се доведе во прашање уставноста на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 87/13, 106/13, 137/13, 61/15, 97/15, 215/15, 53/16 и 51/18) во однос на членот 56 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со наводите, Владата смета дека подносителот на Иницијативата се водел по основниот текст на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07), а притоа не утврдил дека со донесувањето на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/13, 106/13, 137/13, 61/15, 97/15, 215/15, 53/16 и 51/18), објавен на 17 јуни 2013 година се донесува и Законот за изменување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/13), објавен на 17 јуни 2013 година, со кој членот 17 став 1 се менува и гласи:„Земјоделското земјиште во државна сопственост може да биде предмет на продажба под услови и начин утврдени со закон“.

Со овие законски измени Законот за земјоделското земјиште се усогласува со Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.88/23 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/13, 106/13, 137/13, 61/15, 97/15, 215/15, 53/16 и 51/18) е неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на Уставноста на овој закон.

**<u>Точка 91</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Земјоделски комбинат Пелагонија АД Битола од Битола, доставена до Уставниот суд под У.бр.91/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 47 став (5) и став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23) и член 3 став (24) од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.30/23, 42/23 и 110/23) и притоа го утврди следново мислење:

Оспорените членови 47 став (5) и став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23) и член 3 став (24) од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/23, 42/23, и 110/23), се членови кои се транспонирани од европската регулатива ЕУ 32013R1307 каде е опишно дека распределбата на директната поддршка на приходите меѓу земјоделците се карактеризира со доделување на несразмерни суми за плаќања на мал број големи корисници. Големите корисници, поради нивната способност да управуваат со економии од обем, не го бараат истото ниво на поддршка на единица, за да се постигне ефикасно целта за поддршка на приходите.

Исто така и со новата Регулатива (ЕУ) 2021/2115 на Европскиот парламент и на Советот од 2 декември 2021 година, согласно член 17 став (1) и (5) може да се ограничи износот на основната поддршка на доходот од дадена година во форма на горна граница на поддршката. Одредбата од ЕУ Регулативата е како следи:

„Горна граница и постепено намалување на плаќањата

1. Земјите членки може да го ограничат износот на основната поддршка на приходот за одржливост што треба да се додели на земјоделецот за дадена календарска година. Земјите членки што одлучуваат да воведат горна граница го намалуваат за 100% износот што надминува 100.000 евра (ЕУР).

5. Проценетиот производ од намалувањето на плаќањата првенствено се користи за финансирање на дополнителната поддршка за прераспределба на приходот за одржливост, доколку е утврден во релевантниот стратешки план на ЗЗП, а потоа и за други интервенции кон производно-неповрзаните директни плаќања.“

Со оглед на тоа што вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на земјоделското земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток од Уредбата за директни плаќања се однесува на мерките за поддршка на доходот на земјоделските стопанства и не претставува пазарна мерка која директно влијае на положбата на земјоделските субјекти на пазарот, се смета дека не е во спротивност и не ја нарушува слободата на пазарот и претприемништвото.

Со оглед на тоа што еден од стратешките приоритети на Република Северна Македонија е членството во Европската Унија, како и усогласувањето на европското законодавство со македонското и во овој случај се следат насоките на Европската Унија за директната поддршка на доходот на земјоделските стопанства.

Согласно Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/21) страници 16, 17, 18 и 19, наведена е анализата на приходот на земјоделските стопанства и влијанието на државната поддршка и директните плаќања како поддршка на приходот на земјоделците, според која крајната констатација е следна:

„Што се однесува до правичноста во распределбата на средствата за директни плаќања, од анализата направена за исплатите по Програмата за 2018 година, 20% од вкупниот број на корисници на средства кои имаат добиено најмногу средства (17.330 од 86.500) се стекнале со 64,2% од вкупниот износ на исплатени средства (4,3 милијарди денари од 6,7 милијарди денари). Иако распределбата е поизбалансирана од таа на ниво на ЕУ, сепак постои концентрација на 2/3 од сите средства кај една петина од корисниците што укажува на оправданост од понатамошни интервенции во постојните методи на распределба на средствата.“

Според тоа, неосновано е тврдењето дека паушално е донесен предлогот за утврдување на вкупниот максимален износ на на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на земјоделското земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток од Уредбата за директни плаќања согласно мерките за поддршка на доходот на земјоделските стопанства.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 47 став (5) и став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17,

83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23) и член 3 став (24) од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.30/23, 42/23 и 110/23).

**Точка 92**

Владата ја разгледа Иницијативата од Министерството за правда, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.107/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Правилникот за начинот на утврдување на несообразноста и висината на процентот на намалување на директните плаќања во случај на несообразност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.131/23) и притоа го утврди следното мислење:

Во одредбите на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во Службен весник на Република Северна Македонија во член 3 став 6 е наведено дека во „Службен весник на Република Северна Македонија“ се објавуваат законите и другите прописи и акти, подзаконските и другите акти кои ги донесуваат министрите или министерствата, акти на функционерите кои раководат со други органи на државната управа, актите на организациите утврдени со закон, агенциите, дирекциите или други правни лица кои целосно се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Согласно член 40 став 2 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедување на конзистентноста на правниот систем и давање стручни мислења за усогласување на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската Унија и со меѓународните договори, ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и дава стручни мислења по прописите на општината за кои Министерството за локална самоуправа тоа ќе го побара.

Постапката за објава на Правилникот за начинот на утврдување на несообразноста и висината на процентот на намалување на директни плаќања во случај на несообразност, во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство започнува откако ќе се изврши усогласување со Секретаријатот за законодавство, што во конкретниот случај е 13 јуни 2023 година. Потоа, се подготвува Правилникот за објава за што се изработуваат 3 идентични копии и истовремено се изработува и електронска верзија во ЦД.

Барањето за објава до Секретаријатот за законодавство е доставено на 21 јуни 2023 година и од страна на Секретаријатот за законодавство е даден налог за објавување на 22 јуни 2023 година, а ЈП Службен весник на Република Северна Македонија го објавил во бројот на „Службен весник на Република Северна Македонија“ од 23 јуни 2023 година. Меѓутоа, од страна Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е направена техничка грешка од причина што не е ставен датумот на Правилникот кога е излезен од архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а тоа е 20 јуни 2023 година, туку датумот на последното усогласување.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата треба да биде отфрлена, бидејќи техничка грешка не може да биде основ за оценување на уставноста, туку истата се коригира со исправка на техничката грешка во Правилникот и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе

решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на Правилникот за начинот на утврдување на несообразноста и висината на процентот на намалување на директните плаќања во случај на несообразност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.131/23).

**Точка 93**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Сарџовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 53535 за КО Визбегово на КП бр. 1311, викано место/улица „Долни Рид“, со дополнување и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Масловариќ-Костовска од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.106226 за КО Тетово 2, на КП бр.8540, дел 1, викано место/улица „Б.Вулич“ и Имотен лист бр.105031 за КО Тетово 2, на КП бр.8540, дел 1, викано место/улица „Б.Вулич“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Радица Хаџи Петрушева-Арсовска од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.50746, за КО Башино Село, на КП бр.962, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Оливера Пешиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6153, Имотен лист бр.5988 и Имотен лист бр.5989, за КО Злокуќани, на КП бр.923/1, 932/2 и КП бр.935/3, викано место/улица „Голема нива“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маргарита Вангелова од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10494 за КО Богданци на КП бр.9797, викано место/улица „М. Тито“, Имотен лист бр.450 за КО Богданци на КП бр.9797, викано место/улица „М. Тито“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2783 и Имотен лист бр.2086, за КО Русиново, на КП бр.9440 и КП бр.9437/1, викано место/улица „Преведена“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7463, за КО Охрид 4, на КП бр.5831, викано место/улица „Рача“ и КП бр.5838,

викано место/улица „Горица“ и Имотен лист бр.102534, за КО Охрид 4, на КП бр.6420/2, викано место/улица „Рача“ и по Понудата ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.54308 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.877, викано место/улица „Жил Верн“ 12 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 56283, за КО Центар 2, на КП бр.2878/2, КП бр.2881/2, КП бр.2884/21 и КП бр.2884/37, викано место/улица „Шербетница“ и Имотен лист бр. 56285, за КО Центар 2, на КП бр.2884/20, КП бр.2884/30, КП бр.2884/33, КП бр.2884/34 и КП бр.2884/35, викано место/улица „Шербетница“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Милена Момировска-Ангелевска од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92438, за КО Битола, на КП бр.5161/1 и Имотен лист бр.92439, за КО Битола, на КП бр.5160, викано место/улица „Довлеџик“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Милена Момировска Ангелевска од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 8021 за КО Битола 5, на КП бр.496, викано место/улица „Гладно Поле“ и Имотен лист бр.70146 за КО Битола 5, на КП бр.496, викано место/улица „Гладно Поле“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Стела Лазаревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10514 за КО Илинден-вонград, на КП бр.238, викано место/улица „Маслинка“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Боро Атанасовски од Делчево, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12563 за КО Делчево на КП бр.6693, викано место/улица „Методи Митевски Брицо“, со дополнување и по Понудата го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Тахири од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3259, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2989, дел 1, викано место/улица „Поројница“ и Имотен лист бр. 3189, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2874, викано место/улица „Чар“ и не ја прифати истата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15965, за КО Штип 4, на КП бр.10396/2, 10398/2 и 10398/3, викано место/улица „Каваклиски Рид“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 664, за КО Маџари, на КП бр. 2081, викано место/улица „Мамушница“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3808 за КО Гази Баба, на КП бр.2138/1, викано место/улица „516 бр.5“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2530 за КО Бутел, на КП бр.2475/1, викано место/улица „М.Крале“ и по Понудата, го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100116, за КО Ињево, на КП бр.6929/1, викано место/улица „Ињево“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101050, за КО Охрид 4, на КП бр.5894/1, викано место/улица „Горица“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8347, за КО Ѓорче Петров 1-Ново Село, на КП бр.439, викано место/улица „Блага Вода“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.50585, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.963/3, викано место/улица „Трпе Петровски“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.31008 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.574, викано место/улица „Томе Арсовски“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 92982 за КО Чаир на КП бр. 1568/80 и КП бр. 1568/81 и Имотен лист бр. 960796 за КО Чаир на КП бр. 1568/82 и КП бр. 1568/83 викано место/улица „Стари водовод“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за образование и наука.

**Точка 117**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Павел Поп-Иванов од Скопје, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.1333, за КО Оровник, Имотен лист бр.103056, за КО Охрид 2, Имотен лист бр.103050, за КО Охрид 2, Имотен лист бр.103051, за КО Охрид 2, Имотен лист бр.101785, за КО Охрид 2 и Имотен лист бр.94147, за КО Охрид 2 и по Известувањето ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје како и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 118**

Владата ги разгледа Барањето за произнесување по Понудата за користење право на првенствено купување имот, како и Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр.1693/2022, за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.17848 за КО Оздолени на КП бр.1358, Имотен лист бр.17629 за КО Оздолени на КП бр.522, Имотен лист бр.17812 за КО Оздолени на КП бр.470, Имотен лист бр.17848 за КО Оздолени на КП бр.1289 и Имотен лист бр.17848, за КО Оздолени и по истите ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 119**

1. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, за членови на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, да ги именува:

- Сулејман Ахмеди, професионално ангажиран со полно работно време, со мандат од пет години и
- Александра Кокароска, непрофесионално ангажиран член.

2. Владата го избра Ардиан Муслиу, за вршител на должноста директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на Државниот студентски дом „Тетово“ во Тетово ги именува:

-Мухамет Рушани
-Нора Мухареими и
-Фарук Винца.

Истовремено, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука информираше дека за член на Управниот одбор-претставник од Државниот универзитет во Тетово е предложен Фарук Мурати.

4. Владата заклучи да се продолжи мандатот на Бобе Цецев на функцијата член на одборот на директори на Претпријатието за Нафтовод Скопје- Солун „Вардакс“ АД.

5. Владата заклучи да објави Јавен повик во најмалку два дневни весника, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на директор на Агенција за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

6. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи, да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на пет члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.

7. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи, да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на пет члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје

8. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи, да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на три члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта- Скопје.

9. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи, да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на еден член на Управниот одбор и еден член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија (еден член на Управен одбор, од редот на афирмирани и стручни лица и еден член на Надзорен одбор).

10. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи, да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на два члена на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.

11. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи, да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на три члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”-Скопје.

12. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи, да објави на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие, Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на седум члена на Управниот одбор и два члена на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем.

**Точка 120**

**1.** Владата заклучи Информацијата во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за трговија и услуги „Про-Бетинг“ ДОО Скопје, со Предлог-одлука и дополнување (Точка 11) од Сто седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 јули 2023 година, симната од Дневен ред на истата, повторно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**2.** Владата по повод Информацијата од Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Сто седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 август 2023 година, точка 6: Прашања и предлози, а во врска со поставените прашања од страна на медиумите, во однос на постапките за избор, именување, разрешување на член во управниот одбор, исплата на отпремнина и повторно вработување во Друштвото, го задолжи Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, преку Министерството за транспорт и врски до Секретаријатот за законодавство и до Владата да достави информација за причините за разрешување, исплатата на отпремнина, за причините за повторно ангажирање/вработување и да го достави текстот на менаџерскиот договор.

**Точка 121**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022-2025 година, со Акциски план за спроведување 2022-2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 122**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на имплементација на обврските од НАТО процесот на одбранбено планирање, јануари-јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 123**

Владата ја разгледа Информацијата на ТАВ Македонија ДООЕЛ, Илинден во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“-Охрид, заклучно со јуни 2023 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 124**

Владата ги разгледа финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2022 година, со Извештај на независниот ревизор, како материјал за информирање.

**Точка 125**

Владата ја разгледа Информацијата за годишни извештаи за ревизорска активност и годишни ревизорски мислења за 2022 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, како материјал за информирање.

**Точка 126**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, за период од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 127**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето во врска со согласноста за пренос на уделите со архивски бр.0307/10 од 4.10.2022 година од Друштвото за производство на електрична енергија ОСМ „Солар“ ДООЕЛ Скопје, со прилози.

**Точка 128**

Владата го разгледа Извештајот за трошење на средства од наменска сметка за буџетска поддршка, согласно Одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија, донесена од Владата на Република Северна Македонија под бр.41-4126/4 од 28.4.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 129**

Владата го разгледа Извештајот за трошење на средства од наменска сметка за буџетска поддршка согласно Одлуката за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со топлинската енергија, донесена на Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 130**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерско друштво „Македонска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, за период од 1 јануари до 31 март 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 131**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, за периодот 1 јануари 2023 година-31 март 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 132**

Владата ги разгледа финансиските извештаи и Извештајот на независниот ревизор за годината која завршува на 31 декември 2022 година на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, како материјали за информирање.

**Точка 133**

Владата го разгледа Годишниот финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за периодот 1 јануари 2022 година-31 декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 134**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје, за периодот 1 октомври 2022 година-31 декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 135**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем „Злетовица“-Пробиштип за период од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 136**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавно претпријатие „Стрежево“-Битола во првото тримесечје од 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 137**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во период од 1 април до 30 јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 138**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 139**

Владата заклучи, Информацијата за учество во Програмата Justice (2021-2027) повторно да се разгледа на седница на Влада, откако предлагачот ќе го усогласи материјалот и предлог-заклучоците со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 140**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од вработување на 158 лица на неопределено време во Јавното претпријатие за државни патишта, неопходни за вршење на основната дејност на претпријатието и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да направи измена на Годишниот план за вработување за 2023 година, на начин што ќе предвиди 158 лица за вработување на неопределено време.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација да дадат согласност на изменетиот Годишен план за вработување за 2023 година на Јавното претпријатие за државни патишта и Министерството за финансии да даде согласност за вработување на 158 лица на неопределено време во Јавното претпријатие за државни патишта неопходни за вршење на основната дејност на претпријатието.

3. Се задолжува Министерството за финансии да даде согласност за ангажирање на 158 лица со договор на дело во Јавното претпријатие за државни патишта, неопходни за вршење на основната дејност на претпријатието, се до завршување на постапката за вработување на неопределено време, а најдоцна до 31.12.2023 година.

**Точка 141**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 10 август 2023 година до 16 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 142**

Владата ја разгледа Информацијата за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста, со предлог-решенија, ја усвои Информацијата и ги донесе решенијата усогласени со Секретаријатот за законодавство и тоа:

1. Решение за престанување на важењето на Решението за определување претставници на Комисијата за утврдување на репрезентативноста.

2. Решение за престанување на важењето на Решението за утврдување престанок и определување претставник на Комисијата за утврдување на репрезентативноста.

3. Решение за престанување на важењето на Решението за утврдување престанок и определување претставник на Комисијата за утврдување на репрезентативноста.

4. Решение за престанување на важењето на Решението за утврдување престанок и определување претставници на Комисијата за утврдување на репрезентативноста.

5. Решение за определување на членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста.

**Точка 143**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје во студиската учебна 2023/2024 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот истата да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 144**

Владата ја разгледа Информацијата за давање позитивно мислење за основање на општинско основно училиште со седиште во Визбегово, Општина Бутел, ја усвои и согласно член 22 став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20) даде позитивно мислење за основање на општинско основно училиште ООУ„Визбегово", с.Визбегово, Општина Бутел.

**Точка 145**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*), по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за правда да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон, кореcподентните табели и Изјавата за усогласеност со европското законодавството со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (*), по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереник м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Славица Грковска, го издвои своето мислење по оваа точка.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**